PHILIPS

# S7000 series







1
2
3
4
5
6
7
16
17
18
19
20
21
13
14
15
11
12
PHILIPS
8
9
10

# Содржина

Вовед 6
Општ опис 6
Што значат иконите на рачката од уредот? 7
Што значи иконата на мојот Quick Clean Pod? 9
Како да го наполнам мојот уред? 9
Како да го користам мојот уред и додатоците? 12
Како да го чистам мојот уред и додатоците? 22
Како да го користам Quick Clean Pod? 27
Како да го поврзам уредот за бричење со паметниот телефон? 30
Како да ги заменам главите за бричење? 33
Нарачување додатоци 34
Решавање проблеми 35

# Вовед

Честитки за купеното и добре дојдовте во Philips! За целосно да ја искористите поддршката која ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на **www.philips.com/welcome** или преку апликацијата.

# Општ опис

1 Потстрижувач со прикачување
2 Лизгач за отпуштање на потстрижувачот
3 Единица за бричење
4 Копче за ослободување на единицата за бричење
5 Копче за вклучување/исклучување
6 Рачка
7 Штекер за мал приклучок
8 Држач за полнење
9 Единица за напојување
10 Мал приклучок

11 Заштитно капаче
12 Торбичка
13 Картриџ на Philips Quick Clean Pod
14 Quick Clean Pod
15 Четка за чистење
16 Поставки за должина
17 Приклучок за стилизирање на брада што влегува со кликнување
18 Чешел за додатокот за стилизирање брада
19 Држач на приклучок
20 Приклучок со четката за чистење што влегува со кликнување
21 Додаток за отстранување влакна од носот што се става со кликање

Забелешка: Испорачаните додатоци може да се разликуваат за различни производи. На кутијата се прикажани додатоците што се доставени со вашиот уред.

## Што значат иконите на рачката од уредот?

| Икона | Однесување | Значење |
|---|---|---|
|  | Пулсира | Програмата за чистење е во тек. |
|  | Трепка бавно кога ќе го отстраните потстрижувачот од Quick Clean Pod за време на програмата за чистење | Програмата за чистење беше прекината. Ако го вратите уредот за бричење во Quick Clean Pod во рок од четири секунди, програмата за чистење ќе продолжи автоматски. |
|  | Трепка кога ќе го исклучите уредот | Исчистете го уредот за бричење во Quick Clean Pod. Исчистете ги додатоците под млаз вода. |

| Икона | Однесување | Значење |
| --- | --- | --- |
|  | Свети постојано | Програмата за чистење е во тек. |
|  | Трепка брзо кога ќе го отстраните уредот за бричење од Quick Clean Pod или ќе го притиснете копчето за вклучување/исклучување за време на програмата за чистење | Програмата за чистење беше сопрена. Ако сакате да продолжите, треба да го рестартирате циклусот на чистење со ставање на уредот за бричење во Quick Clean Pod и со притискање на копчето за вклучување/исклучување. |
|  | Свети | SkinIQ активно го детектира вашето однесување при бричење. |
|  | Свети зелено | Користено е точното движење при бричење (кружни движења). |
|  | Свети портокалово | Вашето движење при бричење може да се подобри. Погледнете ја апликацијата за детали и совет. |
|  | Свети | Отворете ја апликацијата. Или ќе има известувања за вас или треба да ги синхронизирате бричењата за да се спречи загуба на податоци. |
|  | Трепка бавно | Не е воспоставена врска помеѓу уредот за бричење и паметниот телефон. |
|  | Трепка брзо | Настана грешка (пр., моторот е блокиран). Проверете ја апликацијата за детали. |

| Икона | Однесување | Значење |
|---|---|---|
|  | Трепкање | Уредот мора да биде исклучен од ѕидниот приклучок пред да можете да го вклучите. |
|  | Трепка кога ќе го притиснете копчето за вклучување/исклучување | Заклучувањето за патување е активирано. |
|  | Се осветлува кога ќе го подигнете уредот | Бројот на осветлени ленти покажува уште колку батерија е останата. |
|  | Долното светло трепка портокалово | Батеријата е речиси празна. |
|  | Светлата трепкаат по редослед | Уредот се полни. |
|  | Свети постојано | Уредот е целосно наполнет. |

## Што значи иконата на мојот Quick Clean Pod?

| Икона | Однесување | Значење |
|---|---|---|
|  | Станува видливо на Quick Clean Pod. | Картриџот на Quick Clean Pod треба да се замени. |

## Како да го наполнам мојот уред?

Полнете го уредот пред првото користење и кога најдолното светло на индикаторот за

состојбата на батеријата трепка портокалово, покажувајќи дека батеријата е речиси празна.

Полнењето трае приближно 1 час.

Брзо полнење: по приближно 5 минути полнење, батеријата содржи доволно енергија за едно бричење.

Кога уредот е целосно наполнет, тој може да работи без кабел до 60 минути.

Забелешка: не може да го користите уредот додека се полни.

## Полнење со единицата за напојување



1 Осигурете се дека уредот е исклучен.

2 Внесете го малиот приклучок во уредот и ставете го адаптерот во ѕидниот приклучок.

- Додека уредот е во режим на брзо полнење, светлата на индикаторот за состојбата на батеријата ќе се вклучуваат едно по друго. По околу 5 минути, најдолното светло на индикаторот за состојбата на батеријата ќе трепка. Сега батеријата има доволно енергија за едно бричење.
- Додека уредот се полни, прво долното светло од индикаторот за состојба на батеријата трепка, а потоа свети постојано. Потоа второто светло трепка, а потоа свети постојано и така натаму додека уредот не е целосно наполнет.
- Кога уредот е целосно наполнет, сите три светла на индикаторот за полнеж на батеријата светат постојано. По околу 30 минути, светилката автоматски ќе се исклучи.

3 По полнењето, отстранете ја единицата за напојување од ѕидниот приклучок и исклучете го малиот приклучок од уредот.

## Полнење во држачот за полнење (само за конкретни модели)



1 Осигурете се дека уредот е исклучен.
2 Ставете го малиот приклучок во држачот за полнење и приклучете ја единицата за напојување на ѕидниот приклучок.
3 Ставете го уредот во држачот за полнење.

**Само за конкретни модели:** светлосниот прстен на дното од држачот за полнење ќе свети и ќе ротира брзо.

- По околу 5 минути, светлосниот прстен ќе ротира побавно. Сега батеријата има доволно енергија за едно бричење.
- Како што уредот продолжува да се полни, светлосниот прстен станува посветол и ротира побавно.
- Кога уредот е целосно наполнет, светлосниот прстен се осветлува целосно и престанува да ротира.

4 После полнењето, откачете ја единицата за напојување од ѕидниот приклучок и откачете го малиот приклучок од држачот за полнење.

## Симбол „откачи за користење“



Симболот „откачи за користење“ трепка за да ве потсети да го исклучите уредот од ѕидниот приклучок и да го отстраните малиот приклучок од уредот пред да го вклучите.

# Како да го користам мојот уред и додатоците?

**Предупредување: Пред употреба, секогаш проверувајте го уредот и сите додатоци. Не користете ги уредот или кој било додаток доколку се оштетени, бидејќи тоа може да предизвика повреда. Секогаш заменувајте го оштетениот дел со оригинален.**

Забелешка: Овој уред е водоотпорен. Тој е погоден за употреба во бањата или под туш и за чистење под млаз вода. Затоа, од безбедносни причини, уредот може да се користи само без кабел.

## SkinIQ




Уредов е опремен со SkinIQ технологија којашто интелигентно ја открива густината на вашите влакна и техниката на бричење. За подобра техника, може да добиете персонализиран совет за бричење во апликацијата.

Совет ќе добиете на два начини: бричења со упатство во реално време и синхронизирани бричења. Ве советуваме да започнете со бричењето со упатство за да го подобрите искуството со бричењето.

- Правилното ракување со уредот ќе придонесе за најдобри резултати при бричењето.
- Следете го советот добиен од синхронизираните бричења и персонализираните програми.

## Бричење

Може да го користите уредот влажен или сув, па дури и под туш. За влажно бричење, нанесете малку вода и пена за бричење или гел на кожата и исплакнете ги главите за бричење под млаз топла вода пред да ги следите чекорите подолу.

1 Вклучете го уредот.



2 Движете ги главите за бричење преку кожата со кружни движења за да ги фатите сите влакна што растат во различни насоки. Нежно притиснете за поблиско, удобно бричење.

Забелешка: не притискајте премногу силно, бидејќи тоа може да ја иритира кожата.



Забелешка: ако се бричите со гел или пена, плакнете ја единицата за бричење редовно за време на бричењето за да се осигурите дека ќе продолжи да се лизга мазно врз вашата кожа.





3 Користете ги тесните страни на единицата за бричење за да ги избричите тешко пристапните места како вдолж вилицата и под носот.

4 По секое користење, исклучете го и исчистете го уредот.

Забелешка: Осигурете се дека сте ја исплакнале целата пена или гел за бричење од уредот.

**Упатство за движење со SkinIQ:** кога ќе завршите со бричењето, ќе добиете повратна информација на рачката. Иконата за повратни информации за движење се осветлува во различни бои, давајќи ви повратни информации за целото бричење.



- Кога се бричите со правилното движење (кружни движења), иконата за повратни информации за движење свети зелено.
- Кога движењето на бричење може да се подобри, иконата за повратни информации за движење свети портокалово. Погледнете ја апликацијата за детали и совет.

## Период за приспособување на кожата

Првите бричења може да не ви го дадат очекуваниот резултат, па дури и вашата кожа може малку да се иритира. Тоа е нормално. На вашата кожа ѝ треба време да се приспособи кон секој нов систем за бричење.

Следете ги советите што ви ги дава апликацијата и редовно бричете се (најмалку 3 пати во седмицата) со овој уред за бричење во период од 3 до 4 седмици за да дозволите вашата кожа да се приспособи кон новиот уред за бричење.

## Потсетник за чистење



Кога ќе го исклучите уредот, почнува да трепка потсетникот за чистење за да ве потсети да го исчистите уредот.

- Исчистете ги уредот и додатоците по секое користење за да се спречи затнување и оштетување.
- Чистете ги главите за бричење темелно еднаш месечно или кога уредот не бричи подеднакво добро како и претходно.

## Синхронизирајте ги вашите бричења

Уредов за бричење ги складира вашите податоци за бричењето, па не мора да го земате паметниот телефон со вас кога се бричите.



Кога складот за податоци е речиси полн, ќе трепка симболот за известување. За да спречите губење на податоците, синхронизирајте го уредот за бричење со апликацијата.

1 Осигурете дека сте блиску до уредот за бричење и отворете ја апликацијата.
2 Апликацијата автоматски се поврзува и ги синхронизира вашите последни бричења.

## Потстрижување

Може да го користите потстрижувачот за да ги уредувате бакенбардите и мустаќите.



1 Притиснете го надолу лизгачкото копче за ослободување на потстрижувачот за да го отворите потстрижувачот.
2 Вклучете го уредот.



3 Држете го потстрижувачот под прав агол на кожата и движете го уредот надолу додека применувате благ притисок.



4 Потстрижувачот може да го користите и под носот.
5 Исклучете го уредот и исчистете го потстрижувачот по секое користење за да се спречи затнување и оштетување.
6 Затворете го потстрижувачот.

## Користење на додатоците што се прикачуваат со кликнување

Забелешка: испорачаните додатоци може да се разликуваат за различни производи. На кутијата се прикажани додатоците што се доставени со вашиот производ.

### Користење на додатокот за стилизирање брада со чешел

Можете да го користите стилизаторот на брада со прикачен чешел за да ја стилизирате вашата брада на едно фиксно поставување или на различни поставувања за должината. Исто така можете да ги кратите сите долги влакна пред да се бричите за да добиете поудобно бричење.

Поставките за должина на влакната на додатокот за стилизирање брада соодветствуваат со должината на преостанатите влакна по сечењето и се во опсег од 1 до 5 мм.



1 Свртете ја главата за бричење или друг додаток за да ја отстраните од рачката и притиснете го додатокот за стилизирање брада врз рачката.



2 Повлечете го чешелот директно во отворите за насочување на двете страни од додатокот за стилизирање брада.



3 Притиснете го избирачот на должина, а потоа турнете го налево или надесно за да го изберете саканото поставување за должина на влакната.

4 Вклучете го уредот.



5 Движете го уредот нагоре додека применувате благ притисок. Осигурете се дека предниот дел од чешелот е во полн контакт со кожата.

6 Исклучете го уредот и исчистете го додатокот по користењето.

## Користење на додатокот за стилизирање брада без чешел

Можете да го користите додатокот за стилизирање брада без чешел за да ги контурирате брадата, мустаќите, бакенбардите или влакната на вратот до должина од 0,5 мм.

Можете да го користите стилизаторот на брада со прикачен чешел за да ја стилизирате вашата брада на едно фиксно поставување или на различни поставувања за должината. Исто така можете да ги кратите сите долги влакна пред

да се бричите за да добиете поудобно бричење.



1 Извадете го чешелот од додатокот за стилизирање брада.

Забелешка: Фатете го чешелот во центарот за да го извадите од додатокот за стилизирање брада. Немојте да влечете на страните од чешелот.

2 Вклучете го уредот.



3 Држете го приклучокот на стилизаторот на брада под прав агол на кожата и движете го уредот надолу додека применувате благ притисок.

4 Исклучете го уредот и исчистете го додатокот по користењето.

## Користење на додатокот за отстранување влакна од нос/уво

Може да го користите додатокот за отстранување влакна од носот/увото за да ги отстраните влакната од носот и/или ушите.

Отстранување на влакната од носот

Проверете дали и додатокот за отстранување влакна од нос/уво и носните премини се чисти пред потстрижувањето.



1 Свртете ја главата за бричење или друг додаток за да ја отстраните од рачката и притиснете го потстрижувачот за влакна од нос/уво врз рачката.

2 Вклучете го уредот.

3 Внимателно вметнете ја главата на потстрижувачот во една од ноздрите.

Не вметнувајте го додатокот повеќе од 0,5 см во ноздрите.



4 Бавно движете ја главата на потстрижувачот со кружни движење во секоја ноздра, внимавајќи страната на врвот да ја држите цврсто потпрена на кожата. Ова го намалува чувството на скокоткање што може да се појави.

5 Исклучете го уредот и исчистете го додатокот по користењето.

Исушената слуз во носот може да го блокира елементот за сечење, спречувајќи го уредот да се вклучи. Ако елементот за сечење е блокиран, исчистете го додатокот.

## Отстранување на влакната од ушите

Надворешниот канал на увото мора да биде чист и без насобран восок.

1 Вклучете го уредот.

2 Полека движете ја главата за потстрижување вдолж работ на увото за да ги отстраните влакната што излегуваат надвор од работ.

3 Внимателно вметнете ја главата на потстрижувачот во надворешниот канал на увото.

Не вметнувајте ја главата на потстрижувачот повеќе од 0,5 см во ушниот канал, бидејќи тоа може да го оштети тапанчето.



4 Бавно вртете ја главата на потстрижувачот наоколу за да ги отстраните сите несакани влакна од надворешниот канал на увото.

5 Исклучете го уредот и исчистете го додатокот по користењето.

## Користење на додатокот со четка за чистење

Користете ја четката за чистење со вашиот секојдневен крем за чистење за да отстраните масло и нечистотија. Ве советуваме да ја користите не повеќе од еднаш неделно.

**Внимание: Немојте да го користите уредот на оштетена или иритирана кожа или на рани.**



1 Свртете ја главата за бричење или друг додаток за да ја отстраните од рачката и притиснете ја четката за чистење врз рачката.

2 Навлажнете ја четката за чистење со вода.

Не користете ја четката за чистење сува затоа што тоа може да ја иритира кожата.

3 Навлажнете го лицето со вода и нанесете лосион за чистење лице на вашето лице.

4 Поставете ја четката за чистење на вашиот образ.

5 Вклучете го уредот.




6 Нежно поместувајте ја четката преку вашата кожа, од носот кон увото. Не притискајте пресилно. Третманот треба да биде удобен.

Немојте да ја чистите чувствителната област околу вашите очи.




7 По приближно 20 секунди поместете го уредот на другиот образ и почнете да го чистите тој дел од вашето лице.




8 По приближно 20 секунди поместете го уредот на челото и почнете да го чистите тој дел од вашето лице. Нежно поместете ја главата на четката одлево надесно.

Ве советуваме да не претерувате со чистењето и да не чистите ниедна зона подолго од 20 секунди.

9 Исклучете го уредот и исчистете го додатокот по користењето.

10 По третманот, исплакнете го и исушете го лицето. Вашето лице сега е подготвено за следниот чекор од дневната рутина за нега на кожа.

# Складирање и патување

Забелешка: Ви советуваме да оставите уредот и неговите додатоци да се исушат пред да ги складирате за следната употреба.



- Ставете го заштитниот капак (ако е доставен) на уредот за бричење за да спречите акумулирање нечистотии.
- Чувајте го уредот во торбичката (ако е доставена).
- Или, складирајте го уредот на држачот за полнење (ако е доставен) или на Philips Quick Clean Pod (ако е доставено).

## Заклучување за патување

Може да го заклучите уредот за бричење кога одите на пат. Заклучувањето за патување спречува уредот за бричење да се вклучи по грешка.

Активирање на заклучувањето за патување




Притиснете го и задржете го копчето за вклучување/исклучување 3 секунди за да го користите режимот за заклучување при патување.

Кога блокаторот за патување е активиран, симболот на блокаторот за патување трепка.

Забелешка: Bluetooth се исклучува кога ќе го активирате заклучувањето при патување.

Деактивирање на заклучувањето за патување

Притиснете го копчето за вклучување/исклучување 3 секунди.



Штом ќе го деактивирате заклучувањето при патување, уредот се вклучува автоматски.

Забелешка: Уредот за бричење автоматски се отклучува кога ќе се приклучи на ѕидниот приклучок.

# Како да го чистам мојот уред и додатоците?

Чистете го уредот и додатоците по секое користење за оптимални перформанси.

## Чистење на уредот за бричење под млаз вода од чешма

Исчистете ги уредот за бричење по секое користење за да се спречи затнување и оштетување.

**Никогаш не сушете ја единицата за бричење со крпа или ткаенина, бидејќи тоа може да ги оштети главите за бричење.**

**Додека ја плакнете единицата за бричење, од долниот дел на уредот за бричење може да капе вода. Тоа е нормална појава.**



1 Вклучете го уредот за бричење.
2 Исплакнете ја единицата за бричење под топол млаз на чешма.



3 Исклучете ја машинката за бричење. Притиснете го копчето за отпуштање за да ја отворите единицата за бричење.



4 Исплакнете ја комората за влакна со топла вода.



5 Исплакнете го држачот на главата за бричење под топол млаз на чешма.
6 Внимателно истресете го вишокот вода и оставете држачот на главата за бричење целосно да се исуши.



7 Затворете ја единицата за бричење.

## Темелно чистење

Ве советуваме да ги чистите главите за бричење темелно еднаш месечно или кога уредот за бричење не бричи подеднакво добро како и претходно.

1 Уредот треба да биде исклучен и откачен од ѕидниот приклучок.



2 Притиснете го копчето за ослободување на единицата за бричење и извлечете го држачот на главите за бричење од единицата за бричење.



3 Плакнете ја комората за собирање влакна и држачот на главата за бричење под млаз вода.

4 Отстранете ги главите за бричење. За детални упатства, погледнете „Како да ги заменам главите за бричење?“.

Забелешка: Не чистете повеќе од едно сечило и еден штитник во исто време, затоа што тие се комплет од нагодени делови. Ако случајно ставите сечило во погрешниот штитник за бричење, може да се потребни неколку недели за да се врати оптималното бричење.



5 Исчистете ги сечилото и штитникот под млаз вода.

6 Истресете го вишокот вода.

7 Вратете го главите за бричење во единицата за бричење.. За детални упатства, погледнете „Како да ги заменам главите за бричење?“.



8 Вметнете ја шарката на држачот на главите за бричење во отворот на горниот дел од единицата за бричење и затворете ја единицата за бричење.

## Чистење на потстрижувач со прикачување

Исчистете го потстрижувачот по секое користење за да се спречи затнување и оштетување.

**Никогаш немојте да ги сушите запците на потстрижувачот со крпа или со ткаенина затоа што ова може да ги оштети запците за потстрижувачот.**



1 Уредот треба да биде исклучен и откачен од ѕидниот приклучок.
2 Притиснете го надолу лизгачкото копче за да го отворите потстрижувачот со прикачување.



3 Вклучете го уредот и исплакнете го потстрижувачот со прикачување со топла вода.
4 По чистењето, исклучете го уредот.
5 Внимателно истресете го вишокот вода и оставете потстрижувачот со прикачување целосно да се исуши.
6 Затворете го потстрижувачот.

Совет: За оптимални резултати, подмачкувајте ги запците на потстрижувачот со прикачување со капка минерално масло на секои шест месеци (маслото не е вклучено).



## Чистење на додатоците што се прикачуваат со кликнување

Никогаш не сушете го потстрижувачот или додатокот за стилизирање брада со крпа или со ткаенина, затоа што на тој начин може да се оштетат запците за потстрижување.

испорачаните додатоци може да се разликуваат за различни производи. На кутијата се прикажани додатоците што се доставени со вашиот производ.

Чистете ги додатоците со кликнување по секое користење за оптимални перформанси.

1 Осигурете се дека уредот е исклучен.
2 Свртете го додатокот за да го отстраните од рачката.

   Извлечете ја главата на четката за чистење директно од држачот за додатокот.



3 Исчистете ги и деловите темелно со топла вода. Користете сапун само на додатокот со четка за чистење.

   Совет: ако плакнењето на додатокот за отстранување влакна од нос/уво под млаз вода не е доволно, притиснете го додатокот на рачката и потопете ја главата за потстрижување во чаша со топла вода неколку минути. Потоа, вклучете го уредот и исплакнете го под млаз вода.

4 Внимателно истресете го вишокот вода од додатокот за стилизирање брада, чешлите и додатокот за отстранување влакна од нос/уво и оставете ги целосно да се исушат.

   Сушете го додатокот со четка за чистење со крпа.

**Никогаш немојте да ја сушите единицата за сечење со крпа или со ткаенина, затоа што на тој начин може да се оштетат запците за потстрижување.**

Совет: за оптимални резултати, редовно подмачкувајте ги запците на додатокот за стилизирање брада со капка масло за машини за шиење.

# Како да го користам Quick Clean Pod?

## Подготвување на Quick Clean Pod за употреба



1 Вртете го и отстранете го горниот дел од Quick Clean Pod.




2 Вртете го и отстранете го капакот од картриџот на Quick Clean Pod.



3 Подигнете го јазичето на лепенката и повлечете го за работ за да ја отстраните лепенката од картриџот на Quick Clean Pod.



4 Притиснете го малиот кружен дел на рачката од картриџот на Quick Clean Pod за да ја скршите куката за закачување на рачката.



5 Ставете го картриџот на Quick Clean Pod во Quick Clean Pod.



6 Вратете го горниот дел од Quick Clean Pod на основата и вртете во насока на стрелките на часовникот додека не слушнете кликање.



**Не навалувајте го Quick Clean Pod за да не истече.**

## Користење на Quick Clean Pod

Забелешка: ако го користите уредот за бричење со пена, гел или производи пред бричење, темелно исплакнете ги главите за бричење пред да го користите Quick Clean Pod.



**Секогаш истресете го вишокот вода од уредот за бричење пред да го ставите во Quick Clean Pod.**

1 Ставете го уредот за бричење наопаку во Quick Clean Pod. Уредот за бричење автоматски ќе открие дека е во Quick Clean Pod.



2 Вклучете го уредот за бричење за да започне програмата за чистење.

Секоја програма за чистење трае приближно една минута. За време на програмата за чистење, симболот за чистење свети постојано, а сината икона пулсира.

Рачката на уредот за бричење вибрира два пати брзо кога ќе заврши програмата за чистење.

3 Оставете го уредот за бричење целосно да се исуши на воздух во Quick Clean Pod пред да го складирате.

## Заменување на картриџ на Quick Clean Pod



Заменете го картриџот за Quick Clean Pod веднаш кога ќе се појави иконата за замена на картриџ на Quick Clean Pod или следете ја табелата подолу.

| Зачестеност на користење | Циклуси | Кога да се замени картриџот на Quick Clean Pod |
|---|---|---|
| Секој ден | Околу 30 | Секој месец |
| Неколку пати неделно | Околу 20 | Секои 2 месеци |
| Секоја седмица | Околу 13 | Секои 3 месеци |
| Секој месец | Околу 3 | Секои 3 месеци |



1 Вртете го и отстранете го горниот дел од Quick Clean Pod.



2 Извлечете го картриџот на Quick Clean Pod од Quick Clean Pod за рачката.



3 Истурете ја преостанатата течност во одвод и рециклирајте го празниот картриџ согласно локалните прописи за отпад.

4 Ставете нов картриџ на Quick Clean Pod во Quick Clean Pod.

Скенирајте го QR-кодот на левата страна или посетете ја **www.philips.com/cleaning-cartridge** за да нарачате заменски картриџи за Quick Clean Pod.

# Како да го поврзам уредот за бричење со паметниот телефон?

Забелешка: осигурете дека на паметниот телефон има *Bluetooth*® 4.1 или понова верзија.

Уредов за бричење е компатибилен со *Bluetooth*® 4.1 и понови верзии за се поврзе со апликацијата. Кога ќе ги спарите уредот за бричење и паметниот телефон, Bluetooth на уредот за бричење ќе се вклучи автоматски, дури и кога уредот е исклучен. Ова овозможува вашите податоци за бричењето да се синхронизираат подоцна, па не мора да го земате паметниот телефон со вас кога се бричите.



Првите неколку пати кога ќе го вклучите уредот за бричење, симболот за известување трепка ако не се воспостави врска со паметниот телефон.




Може да го исклучите Bluetooth на уредот за бричење со активирање на заклучувањето при патување.

## Спарете го уредот за бричење со паметниот телефон

Може да ја користите апликацијата за да ги синхронизирате податоците за бричењето, да ги менувате личните поставки и да добиете обука според рутините.

Апликацијата е компатибилна со голем број паметни телефони iPhone и Android™.

Повеќе информации може да најдете на **www.philips.com**.

1 Преземете ја апликацијата.



2 Проверете дали Bluetooth на паметниот телефон е вклучен.



3 Вклучете го уредот за бричење.

4 Отворете ја апликацијата и следете ги упатствата за да го започнете процесот на спарување.

5 Откако ќе се спарат, уредот за бричење и апликацијата се поврзуваат автоматски кога апликацијата е отворена и кога е вклучен Bluetooth на вашиот телефон.

## Симбол за известување



Уредот за бричење има симбол за известување. Симболот за известување се вклучува кога апликацијата има важна порака за вас. Кога ќе се вклучи, едноставно отворете ја апликацијата на вашиот смартфон и следете ги едноставните совети што ви ги дава апликацијата. Ако ви треба дополнителна поддршка, одете на **www.philips.com/support**.

## Прекинете ја врската на уредот за бричење со паметниот телефон

Може да го прекинете спарувањето на уредот за бричење само со еден паметен телефон истовремено. За да го прекинете го спарувањето на уредот за бричење со паметниот телефон (на пример, кога ќе добиете нов паметен телефон), следете ги чекориве:

Прекинете го спарувањето на уредот за бричење: притиснете го и задржете го копчето за вклучување/исклучување на рачката околу 10 секунди за да ја прекинете врската меѓу уредот за бричење и апликацијата.



Забелешка: прекинувањето на спарувањето е успешно кога симболот за известување ќе светне 4 пати кратко.

Прекинете го спарувањето со паметниот телефон:

1 Одете во „Поставките“ на вашиот паметен телефон и изберете Bluetooth.

2 Допрете го името на уредот за бричење.

3 Допрете „заборави“ или „прекини спарување“.

Забелешка: постапката за прекин на спарувањето може да се разликува зависно

од паметниот телефон. Проверете го прирачникот за паметниот телефон за повеќе информации.

# Како да ги заменам главите за бричење?

За максимално бричење, ве советуваме да ги заменувате главите за бричење на секои две години.

Веднаш заменете ги оштетените глави за бричење. Секогаш заменувајте ги главите за бричење со оригинални глави за бричење од Philips.

## Замена на главите за бричење

1 Исклучете ја машинката за бричење.



2 Притиснете го копчето за ослободување на единицата за бричење и извлечете го држачот на главите за бричење од единицата за бричење.




3 Завртете ги прстените за прицврстување спротивно од стрелките на часовникот и извадете ги. Ставете ги настрана на безбедно место.



4 Извадете ги главите за бричење од држачот на главата за бричење.

Веднаш фрлете ги искористените глави за бричење за да избегнете да ви се измешаат со новите глави.



5 Ставете нови глави за бричење на држачот.




6 Поставете ги прстените за прицврстување на главите за бричење и завртете ги во насока на стрелките на часовникот за повторно да ги прикачите.



- Секој прстен за држење има два жлеба што целосно се вклопуваат во вдлабнатините на држачот на главата за бричење. Вртете го прстенот во насока на стрелките на часовникот додека не слушнете кликнување што укажува дека прстенот е стегнат.



Забелешка: Држете го држачот на главата за бричење во рака додека повторно ги вметнувате главите за бричење и ги прикачувате прстените за држење. Не ставајте го држачот на главата за бричење на површина, бидејќи тоа може да предизвика оштетување на главите за бричење.



7 Вметнете ја шарката на држачот на главите за бричење во отворот на горниот дел од единицата за бричење и затворете ја единицата за бричење.

# Нарачување додатоци

За да купите додатоци или резервни делови, одете на **www.philips.com/parts-and-**

**accessories** или кај дистрибутер на Philips. Исто така, може да се јавите во Центарот за грижа за корисниците на Philips во вашата земја (за детали за контакт погледнете во листот со меѓународна гаранција).

Достапни се следниве додатоци и резервни делови:

- Резервни глави за бричење SH71 Philips
- Две пакувања картриџ на Philips Quick Clean Pod CC12
- Три пакувања картриџ на Philips Quick Clean Pod CC13
- Шест пакувања картриџ на Philips Quick Clean Pod CC16

Забелешка: Достапноста на додатоците може да се разликува од земја до земја.

# Решавање проблеми

Ова поглавје ги резимира најчестите проблеми што може да ги сретнете кај уредот. Доколку не можете да го решите проблемот со помош на информациите дадени подолу, одете на www.philips.com/support за список од најчесто поставуваните прашања или контактирајте со Центарот за грижа на корисници во вашата земја.

## Уред за бричење

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| Не можам да го поврзам уредот за бричење. | Не сте ја презеле апликацијата. | Преземете ја апликацијата. |

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| | Уредот за бричење и паметниот телефон не се спарени. | Спарете ги уредот за бричење и паметниот телефон следејќи ги упатствата во апликацијата. |
| | Првиот обид за спарување е неуспешен. | Прекинете го спарувањето на уредот за бричење и паметниот телефон обидете се да ги спарите повторно. |
| | Вашиот паметен телефон не може да го пронајде уредот за бричење. | Осигурете дека на паметниот телефон има Bluetooth 4.1 или понова верзија. |
| | | Осигурете дека Bluetooth е активиран на уредот за бричење и на паметниот телефон. |
| | | Осигурете се дека паметниот телефон е во опсег од еден метар од уредот за бричење за да се овозможи поврзување преку Bluetooth. |
| | | Осигурете дека уредот за бричење е наполнет. |
| Сакам да го користам уредот за бричење без апликацијата. | | Не треба да го поврзувате уредот за бричење со паметниот телефон пред секое бричење. За да добивате персонализирани совети за бричење, поврзувајте го барем еднаш на секои 20 бричења за да се синхронизираат податоците за бричење. |

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| Уредот не работи кога ќе го притиснам копчето за вклучување/исклучување. | Уредот е сè уште е приклучен на ѕидниот приклучок. Од безбедносни причини, уредот може да се користи само без кабел. | За да го вклучите уредот, откачете го од напојувањето и притиснете го копчето за вклучување/исклучување. |
| | Полнливата батерија е празна. | Повторно наполнете ја батеријата. |
| | Заклучувањето за патување е активирано. | Притиснете и држете 3 секунди на копчето за вклучување/исклучување за да го деактивирате заклучувањето за патување. |
| | Единицата за бричење е извалкана или оштетена до толкава мера што моторот не може да работи. | Исчистете ги главите за бричење темелно или заменете ги. |
| Уредот не бричи толку добро како порано. | Главите за бричење се оштетени или изабени. | Заменете ги главите за бричење. |
| | Влакна или нечистотии ги блокираат главите за бричење. | Исчистете ги главите за бричење темелно. |

| Проблем | Можна причина | Решение |
| --- | --- | --- |
| Вода тече од долниот дел на уредот. | Во текот на чистењето, може да се собере вода меѓу внатрешното тело и надворешното куќиште на уредот. | Тоа е нормално и не е опасно затоа што целата електроника е затворена во запечатена погонска единица во внатрешноста на уредот. |

## Philips Quick Clean Pod

| Проблем | Можна причина | Решение |
| --- | --- | --- |
| Мојот уред за бричење не е чист по користењето на Philips Quick Clean Pod. | Сте го отстраниле уредот за бричење пред да заврши програмата за чистење. | Оставете го уредот за бричење во Philips Quick Clean Pod за време на целата програма за чистење. Секоја програма за чистење трае приближно 1 минута. Иконата за чистење се исклучува кога ќе заврши програмата за чистење. |
| | Картриџот на Philips Quick Clean Pod треба да се замени. | Заменете го картриџот на Philips Quick Clean Pod. |
| | Philips Quick Clean Pod е навален. | Ставете го картриџот на Philips Quick Clean Pod на рамна површина. |
| Мојот Philips Quick Clean Pod не се вклучува. | Philips Quick Clean Pod се напојува со моторот од уредот за бричење. | Ставете го уредот за бричење во Philips Quick Clean Pod. Вклучете го уредот за бричење. |

| | | |
|---|---|---|
| | Уредот за бричење е поврзан во ѕидниот приклучок. | Исклучете го уредот за бричење од единицата за напојување. |
| | Батеријата на уредот за бричење е празна. | Наполнете го уредот за бричење пред да го користите Philips Quick Clean Pod. |
| Мојот Philips Quick Clean Pod претекува. | Правилно го користите Philips Quick Clean Pod по плакнењето на уредот за бричење, но не го тресете вишокот вода. | Истресете го вишокот вода по плакнењето на главите за бричење секој пат пред да го ставите уредот во Philips Quick Clean Pod. |
| | Сте се бричеле со гел или пена за бричење и не сте го исплакнале уредот за бричење пред да го користите Philips Quick Clean Pod. | Исплакнете ги главите за бричење темелно пред да го користите Philips Quick Clean Pod. |

© 2020 Koninklijke Philips N.V.
Сите права се задржани
3000.057.1983.1 (31/8/2020)

>75 % recycled paper
>75 % papier recyclé